# З А П И С Н И К
**од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.9.2017 година**

**Скопје, септември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.9.2017 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија д-р Рената Тренеска - Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска - Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, д-р АртаТочи, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Мухамед Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија, д-р Драган Миновски, директор на Акционерско друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост-Скопје, Александар Донев, директор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (в.к.в.) и Уљуси Бекири, директор на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на

Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Македонија и членовите на Владата Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Барање согласност за задолжување од Општина Липково

2. Извештај за работата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за периодот од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година

3. Финансиски извештај за работењето на ЈП „Македонија пат“ - Скопје, за период од 1.10. до 31.12.2016 година

4. Годишен извештај за работењето на ЈП ,,Македонија пат"-Скопје за 2016 година, Финансов план за 2017 година, Годишна сметка за 2016 година, со Извештај од независен ревизор

5. Информација за користењето нафта и нафтени деривати од задолжителните државни резерви на Република Македонија за реализација на Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта

6. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта за првото тримесечје, за периодот 1.1.2017-31.3.2017 година

7. Годишна сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година, со Извештај на независниот ревизор

8. Информација и барање согласност авторското дело (резба) да биде подарено и поставено во просториите на ИКАО во Монтреал

9. Барање за добивање согласност за основање на автокамп, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Предлог-одлука за давање согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје

1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК Македонија ДОО Илинден, заведен кај закуподавачот под број 07-276/1 од 29.3.2011 година, со усогласен текст на Анекс договорот

11. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Одлука за давање согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија „Хај тек асембли центар" ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-270/1 од 2.2. 2016 година

12. Информација во врска со Предлог–одлука за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, со Предлог – одлука

13. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар -Скопје за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, со дополнувања и Предлог- одлука

14. Информација за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2016 година, со предлог – одлуки

15. Информација за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2016 година, со Предлог–одлука

16. Информација за тековната состојба и нивото на резервите на нафта и нафтени деривати

17. Годишен извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2016 година

18. Информација за активностите за спроведување анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции

19. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности

20. Информација со предлог - одлуки за продажба на движни ствари-патнички моторни возила, чиј корисник е Народниот правобранител на Република Македонија, со електронско јавно наддавање

21. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Уставниот суд на Република Македонија

**б) економски систем и тековна економска политика**

22. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2017 година

23. Информација за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата, со Предлог – одлука

24. Информација за иницијативи во врска со работната програма на Светската трговска организација за електронска трговија

25. Информација за потребата од изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Македонија

26. Информација во врска со Барањето на „Фени Индустри“ АД - Кавадарци за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – железно никелна руда на локалитетот „Ржаново“, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

27. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Квинс – Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

28. Информација во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Портал – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

29. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Опера Хаус – Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

30. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дрвен Мост“, с. Шупли Камен, Општина Куманово, со Предлог – одлука

31. Информација за статусот и потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за Проектот за изградба и реконструкција на железничка делница Битола – Кременица, како дел од кракот 10Д на коридорот 10, со крак кон Индустриска зона Жабени

32. Информација за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на проектот „Интелигентен транспортен систем на патиштата“, заклучно со 8.6.2017 година

33. Информација за прогрес на проектите за градба од План Б (статус - јуни 2017 година)
34. Информација за Просторниот план на Источниот плански регион 2013 – 2030, со Нацрт- просторен план

35. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2016 година

**в) политички систем**

36. Информација за склучување на Договор за соработка со Програмата за зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability Programme), спроведувана од страна на Свисконтакт (Swisscontact), подружница во Скопје и Владата на Република Македонија во врска со соработка на проектот „Ангажман на сениор експерти за развој на мали и средни претпријатија во Македонија“, со Предлог-договор за соработка

37. Информација за Тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија одржан на 4 април 2017 година во Скопје

38. Информација за одржаниот четиринаесетти состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, на 29 јуни 2017 година во Брисел

39. Информација во врска со потребата од отворање нов граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Србија, помеѓу населените места с. Лојане и с. Миратовце

40. Информација за моделот и законската рамка за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на вработените во Министерството за внатрешни работи со полициски овластувања и затворската полиција

41. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/905 на Советот од 29 мај 2017 година за спроведување на Одлука 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, со Предлог – одлука

42. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/734 на Советот од 25 април 2017 година за изменување на Одлука 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мијанмар/Бурма, со Предлог-одлука

43. Информација за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/917 на Советот од 29 мај 2017 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог – одлука

44. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на еден предмет пред Европскиот суд за човекови права Јосифовски против Република Македонија (А.бр.29911/15)

45. Предлог-упатство за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации за време на изборниот процес

46. Предлог-упатство за забрана за користење на движни и недвижни ствари во државна сопственост за време на изборен процес

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

47. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална води и гас CO2 на локалитетот „Дабечко Поле“ с. Поешево, Општина Битола

48. Предлог-одлука за еднострани раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „с. Удово”, Општина Валандово

49. Предлог-одлука за еднострани раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Бошков Мост”, Општина Дебар

50. Предлог – одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – мермер на локалитетот „Галабовец – Нови Присад”, Општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги Орто мермери ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје

51. Предлог-одлука за еднострани раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Бегојца“, с. Стенче, Општина Брвеница

52. Предлог - одлука давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Аеродром

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

53. Извештај Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година

54. Предлог -закон за издавање на вредносни бонови-ваучери, предложен од група пратеници

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

55. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50-а став 2 од Законот за вршење на земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2002, 89/2008, 116/2010, 53/2011 и 39/2016)

56. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување постапка за оценување на уставноста на делот: ,,министерот за трговија“ од членовите: 6 став 2, 7 став 2, 9 став 2, 10 став 1, 11 став 1, 12 став 5, 13 став 2, 14 ставовите 2 и 3, 16 став 1, 18 ставовите 1 и 2 и 25 став 2, делот ,,Министерството за трговија“ од членовите 8 став 3, 11 став 2, 12 став 7 и 17, делот ,,Законот за стандардизација“ од член 12 став 3 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/1998 и 13/1999)

57. Иницијатива од Никола Источки, адвокат од Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член

4, став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2014 и 53/2016)

58. Понудата за купопродажба на дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје

**д) други предлози**

59. Кадровски прашања

60. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

61. Информација за состанокот на заменици министри за економија/трговија на ЦЕФТА

62. Информација во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец“ Општина Ѓорче Петров и Општина Чучер Сандево, на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија Трансмет ДОО Скопје, со Предлог-одлука

63. Информација во врска со реализацијата на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Општина Радовиш“ (статус: јуни 2017)

64. Информација во врска со реализацијата на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Струмица“ (статус: јуни 2017)

65. Информација со анализа за причините и можните причинители на високо ниво на загадување на воздухот во Република Македонија во летниот период

66. Информација за реализација на проектот „Изработка на потребните документи за воспоставување на интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во Скопскиот, Југозападниот, Вардарскиот и Пелагонискиот Регион“

67. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за јули 2017 година

68. Информација со Акциски план во врска со реализација на проектот „Техничка помош за реформа на јавните комунални претпријатија за управување со водоснабдување, собирање и третман на отпадните води во Град Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Кавадарци, Струмица, Дебар, Радовиш, Кичево, Берово и Куманово“

69. Информација за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2016 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

70. Предлог - одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ – Куманово

71. Предлог - одлука за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за рурален развој на село Туденце - Општина Јегуновце

72. Информација за потребата од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид заради склучување на анекс кон

Договорот за изградба на патна делница Миладиновци – Штип, Анекс кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Свети Николе - Штип заведен со бр.08-9013/1 од 12.11.2013 година (нов текст), со Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид

73. Информација за состојбата во АД Електрани на Македонија

74. Информација за потребата од брзо преземање на мерки за деблокирање на трансакциските сметки на граѓаните за неплатени комунални услуги

75. Информација за надминување на состојбата во Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (Колска Велес), со Предлог-одлука

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата се информираше дека по Барањето согласност за задолжување од Општина Липково е обезбедено позитивно мислење од Министерството за финансии.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии, по добивање на позитивно мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата да подготви и до Владата да достави соодветна предлог - одлука за задолжување на Општина Липково.

**Точка 2**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за периодот од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 3**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на ЈП „Македонијапат“ - Скопје, за период од 1.10. до 31.12.2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата по Годишниот извештај за работењето на ЈП ,,Македонијапат"- Скопје за 2016 година, финансиски план за 2017 година и Годишната сметка за 2016 година, со Извештај од независен ревизор ги донесе новите текстови на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП „Македонијапат" – Скопје за периодот 1.1.-31.12.2016 година и Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на средствата остварени од работењето на ЈП „Македонијапат" – Скопје за 2016 година, во предложените текстови.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за користењето нафта и нафтени деривати од задолжителните државни резерви на Република Македонија за реализација на

Годишната програма за одржување и заштита на државните патишта, како материјал за информирање.

**Точка 6**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта за првото тримесечје, за периодот 1.1.2017-31.3.2017 година, со дополнувањето, како материјал за информирање.

**Точка 7**

Владата по Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година и Извештај за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година, со Извештај на независниот ревизор, со дополнителни податоци и предлог-одлуки (нов текст), ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година;

2. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година и

3. Одлуката за давање согласност на Одлуката за употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за државни патишта за 2016 година, во предложените текстови.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата и барањето согласност авторското дело (резба) да биде подарено и поставено во просториите на ИКАО во Монтреал, Канада, како материјал за информирање.

**Точка 9**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за добивање согласност за основање на автокамп, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот и воедно да се земат предвид прашањата за влијанието врз животната средина и укажувањата од Мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 10**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за изменување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија, како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК Македонија ДОО Илинден, заведен кај закуподавачот под број

07-276/1 од 29.3.2011 година, со усогласен текст на Анекс договорот, во предложениот текст.

## Точка 11

Владата ги разгледа новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината и Одлуката за давање на согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија „Хај тек асембли центар“ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-270/1 од 2.2. 2016 година, со текст на Анекс договор бр.2 (нов текст) и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 и за висината на закупнината, во предложениот текст.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Анекс договор бр.2 кон Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на Република Македонија како основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и трговија ХАЈ ТЕК АСЕМБЛИ ЦЕНТАР ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, заведен кај закуподавачот под број 09-270/1 од 2.2. 2016 година, во предложениот текст.

## Точка 12

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Предлог - одлука за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, со Предлог – одлука, со дополнувањата кон неа, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

## Точка 13

Владата по Информацијата за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар -Скопје за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, со дополнувања и Предлог- одлука (нов текст), ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје, за период од 1.1.2016 година до 31.12.2016 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје, да го има предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2016 година, со предлог – одлуки (најнов текст), за наредната седница на Владата.

**Точка 15**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје за 2016 година, со Предлог - одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 16**

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за тековната состојба и нивото на резервите на нафта и нафтени деривати.

Истовремено, Владата ја задолжи Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати до Владата да достави информација за можни начини и решавање на состојбите врзани со резервите.

**Точка 17**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на јавните обвинителства на Република Македонија во 2016 година, како материјал за информирање, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за правда во кое е наведено дека во Извештајот не е содржан критички осврт за постапувањето, односно непостапувањето на јавните обвинителства по одредени предмети.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за активностите за спроведување анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции и го усвои со следните заклучоци:

1. Ја прифати Методологијата за спроведување на анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена да ја достави Методологијата за спроведување на анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции до сите органи наведени во Листата приложена кон Информацијата.

3. Се задолжуваат сите органи на државна управа наведени во листата приложена кон оваа информација во најкраток можен рок да формираат работни групи за самопроценка, составени од административни службеници кои работат на нормативни прашања, и за тоа да ја известат Државната комисија за спречување на корупцијата со податоци за координаторот на работната група.

4. Се задолжуваат сите органи на државна управа наведени во Листата приложена кон Информацијата, спроведувањето на самопроценката на постојните закони и подзаконски акти со кои се утврдени и пропишани нивните надлежности да го вршат согласно Методологијата за спроведување на анализата на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции, а изготвените извештаи од самопроценките со пополнет прашалник да ги достават до Државната комисија за спречување на корупцијата најдоцна до 15 октомври 2017 година.
5. Се препорачува на Државната комисија за спречување на корупцијата да подготви и до крајот на декември 2017 година до Владата да достави информација за спроведувањето на активностите за анализа на дискреционите овластувања на носителите на јавни функции.

**Точка 19**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (КП бр.2096/20 за КО Струга, на ул. „Владо Малески“ бр.24), усогласен со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата со предлог - одлуки за продажба на движни ствари- патнички моторни возила, чиј корисник е Народниот правобранител на Република Македонија, со електронско јавно наддавање (најнов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1.Одлуката за продажба на движна ствар (Fiat Punto),

2.Одлуката за продажба на движна ствар (Mercedes C 240),

3.Одлуката за продажба на движна ствар (Volkswagen Passat),

4.Одлуката за продажба на движна ствар (Lada Niva VAZ 2121),

5.Одлуката за продажба на движна ствар (Lada Niva) и

6.Одлуката за продажба на движна ствар (Volkswagen Golf), во предложените текстови.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Уставниот суд на Република Македонија и ја донесе Одлуката со заклучок:

- во насловот и текстот на Одлуката зборовите „трајно користење“ да се заменат со зборовите „времено користење“,

- членот 2 да се преформулира во смисла дека движната ствар се дава на времено користење без надомест на Уставниот суд на Република Македонија за период од 1 (една) година.

**Точка 22**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на

растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата (најнов текст), во предложениот текст

## Точка 24

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за иницијативи во врска со работната програма на Светската трговска организација за електронска трговија, за наредната седница на Владата.

## Точка 25

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од изработка на среднорочна стратегија за општествена одговорност на Република Македонија, за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

## Точка 26

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со Барањето на Фени Индустри АД Кавадарци за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – железно никелна руда на локалитетот „Ржаново“, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука.

## Точка 27

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Квинс – Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

## Точка 28

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата во врска со поднесено барање за категоризација на угостителски објекти за сместување од хотел Портал – Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

## Точка 29

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесен од хотел Опера хаус – Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект, за наредната седница на Владата.

## Точка 30

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Дрвен Мост“, с. Шупли Камен, Општина Куманово, со Предлог – одлука за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата за статусот и потребата од обезбедување на дополнителни финансиски средства за Проектот за изградба и реконструкција на железничка делница Битола – Кременица, како дел од кракот 10 Д на коридорот 10, со крак кон Индустриска зона Жабени и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски, при подготовка на буџетските циркулари за Буџетот на Република Македонија за 2018 година и буџетското планирање за 2019 година, да ги предвиди финансиските средства потребни за целосно завршување на Проектот за изградба и реконструкција на железничка делница Битола – Кременица, како дел од кракот 10 Д на коридорот 10, со крак кон Индустриска зона Жабени.

2. Се задолжува Министерството за финансии, по изборот на најповолен понудувач за градежни работи за проектот за изградба и реконструкција на железничка делница Битола – Кременица, како дел од кракот 10 Д на коридорот 10, со крак кон Индустриска зона Жабени, да ја информира Владата за точниот износ на чинење на градежните работи.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерството за финансии и ЈП Македонски железници „Инфраструктура“ да подготви анализа со предлог решение за надминување на спорот со компанијата „Водстрој“, со која првично бил раскинат договорот за градежни работи и за ова во рок од 30 дена да ја информира Владата.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на проектот „Интелигентен транспортен систем на патиштата“, заклучно со 8.6.2017 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да подготви и во втората половина на декември 2017 година до Владата да достави нова информација за реализација на Акцискиот план за изработка на проектна документација и имплементација на проектот „Интелигентен транспортен систем на патиштата“.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на проектите за градба од План Б (статус - јуни 2017 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на градоначалникот на Општина Радовиш да ги преземе сите потребни мерки за завршување на постапките за издавање на одобрение за градба за колекторите и рехабилитација на канализацијата кои се предвидени да се градат во рамките на Проектот.

2. Се препорачува на градоначалникот на Општина Кичево да ги преземе сите потребни мерки за завршување на постапката за издавање на одобрение за градба за пристапниот пат до Пречистителната станица.

3. Се препорачува на градоначалникот на Општина Кичево најдоцна до третата недела од септември 2017 година да назначи привремен координатор на работната единица за

имплементација на проекти за Општина Кичево заради поднесената писмена оставка на досегашниот Координатор.

4. Се препорачува на градоначалникот на Општина Кичево, градоначалникот на Општина Радовиш и градоначалникот на Општина Струмица да ги определат потребните лица кои ќе управуваат со пречистителните станици за отпадни води, најдоцна до третата недела од септември 2017 година, преку нови вработувања или преку прераспределба на постојните вработени од локалната администрација.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, да го разгледа барањето на Општина Кичево за пренамена на земјиштето на пристапниот пат до Пречистителната станица за отпадни води во Општина Кичево и за истата да достави мислење најдоцна до третата недела од септември 2017 година.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за Просторниот план на Источниот плански регион 2013 – 2030, со Нацрт- просторен план, ја усвои Информацијата и заклучи Нацрт-просторниот план на Источниот плански регион 2013 – 2030, да се достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереник Неби Реџепи, раководител на сектор во Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 35

Владата го разгледа и усвои Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за планирање на просторот во 2016 година.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за соработка со Програмата за зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability Programme), спроведувана од страна на Свисконтакт (Swisscontact), подружница во Скопје и Владата на Република Македонија во врска со соработка на проектот „Ангажман на сениор експерти за развој на мали и средни претпријатија во Македонија“, со Предлог-договор за соработка (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од 15 дена од усвојување на Информацијата, да ја преземе имплементацијата и координацијата на проектот „Ангажман на сениор експерти за развој на мали и средни претпријатија во Македонија“, од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од 15 дена од усвојување на Информацијата, да ја достави целокупната документација од досегашната реализација на проектот „Ангажман на сениор експерти за развој на мали и средни претпријатија во Македонија“, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

3. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, во рок од три дена од усвојување на Информацијата, да го извести Свисконтакт (Swisscontact) за преземањето на Проектот од страна на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

4. Се овластува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да го потпише Договорот за соработка со Програмата за зголемување на пазарната вработливост (Increasing Market Employability Programme), спроведувана од страна на Свисконтакт (Swisscontact), подружница во Скопје и Владата на Република Македонија, најдоцна до 30.9.2017 година.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за Тринаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската Унија одржан на 4 април 2017 година во Скопје (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, да го усогласи текстот на Предлог-законот за безбедност на производи со Директивата за безбедност на производи (притоа земајќи ги предвид добиените коментари од Европската комисија) и преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија консолидирана верзија на Предлог-законот пред истиот да биде усвоен, најдоцна до 31.12.2017 година

2. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Бирото за метрологија да го усогласи Правилникот за мерила со Директивата 2014/32 за мерни инструменти и Правилникот за неавтоматски ваги со Директивата 2014/31/ЕУ за неавтоматски ваги (NAWI) и преку Секретаријатот за европски прашања да ги достави до Европската комисија нацрт-верзиите на истите најдоцна до 31.12.2017 година

3. Се задолжува Институтот за стандардизација на Република Македонија, да го комплетира процесот на донесување на преостанатите Еврокодови кои се наведени во Акцискиот план за усогласување со членовите 34-36 од ДФЕУ, најдоцна до 30.9.2017 година.

4. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Координативното тело за надзор на пазарот, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија податоци во врска со идентификуваните опасни производи од страна на инспекциите и производите повлечени од пазарот, најдоцна до 30.9.2017 година.

5. Се задолжува Институтот за стандардизација на Република Македонија, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија верзија на англиски јазик на новата Стратегија за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија (2016-2020), најдоцна до 30.9.2017 година .

6. Се задолжува Министерството за здравство, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија пишана информација за усогласеноста на Законот за хемикалии со Регулативата на Европската Унија бр. 1907/2006 за

регистрација, евалуација, овластување и ограничување на хемикалиите (REACH), со кореспондентна табела (на англиски јазик), најдоцна до 15.11.2017 година.

7. Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Управата за заштита на културно наследство, да го усогласи текстот на Предлог-законот за заштита на културно наследство со Директивата 2014/60/EU за враќање на културни добра, најдоцна до крајот на 2017 година, а Предлог-законот преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија пред истиот да биде усвоен.

8. Се задолжува Министерството за економија, да ја достави до Владата за усвојување Стратегијата за развој на мали и средни претпријатија, со Акциски план, најдоцна до 30.9.2017 година.

9. Се задолжува Министерството за економија, да ја достави во Владата за усвојување Стратегијата за женско претприемништво, со Акциски план, најдоцна до 31.12.2017 година.

10. Се задолжува Министерството за економија, да направи анализа/проценка на влијанието на политиките поврзани со претпријатија, како и научените лекции од имплементацијата на Стратегијата за мали и средни претпријатија (2011-2013) и Индустриската стратегија и да го извести Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 30 ноември 2017 година.

11. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија пишана информација за планираната структура (механизам) за следење на препораките од оценката на Актот за мали бизниси, најдоцна до 30.9.2017 година.

12. Се задолжува Министерството за финансии, да го достави до Владата за усвојување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска дисциплина, во кој ќе бидат земени предвид коментарите на Европската комисија, најдоцна до 31.12.2017 година и преку Секретаријатот за европски прашања истиот да го достави до Европската комисија.

13. Се задолжува Министерството за економија, да преземе мерки за поголемо искористување на средствата од програмата КОСМЕ .

14. Се задолжува Министерството за економија, да ја достави до Владата за усвојување Стратегијата за туризам, со Акциски план, најдоцна до 30 септември 2017 година и за истото да го извести Секретаријатот за европски прашања.

15. Се задолжува Министерството за економија, да ги преземе потребните активности за имплементација на Дополнителниот протокол 5 (во рамките на ЦЕФТА) до 31.12.2017 година.

16. Се задолжува Министерството за економија, да ги преземе сите потребни активности за усвојување и ратификација на Дополнителниот протокол 6 (во рамките на ЦЕФТА), до 30.6.2018 година.

17. Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 31.12.2017 година да го достави до Владата за усвојување новиот Предлог-закон за акцизи и соодветните подзаконски акти за имплементација на истиот.

18. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи, Царинската управа и Управата за финансиска полиција, да подготви Нацрт-стратегија за реформа на даночната политика и преку Секретаријатот за европски прашања да ја достави до Европската комисија на мислење и коментари пред усвојување на истата, најдоцна до 31.12.2017 година.

19. Се задолжува Министерството за здравство, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија пишана информација во врска со плановите за ратификација на Протоколот за елиминација на недозволената трговија со тутун (од Рамковната спогодба за контрола на тутунот на Светската здравствена организација), најдоцна до 30.9.2017 година.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот четиринаесетти состанок на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Македонија, на 29 јуни 2017 година во Брисел и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи Нацрт - законот за странци да го достави до Европската комисија за коментари преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 29 септември 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да достави дополнителни информации на англиски јазик за реформите во транспортната политика, согласно обврските од Договорот за транспортна заедница, вклучително и во делот на безбедноста на патиштата, до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 29 септември 2017 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, а се укажува на Народна банка на Република Македонија, во најкраток можен рок, да го известат Министерството за финансии на кој начин ќе ги реализираат заедничките заклучоци од економскиот и финансискиот дијалог помеѓу Европската Унија и државите од Западен Балкан.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од отворање нов граничен премин помеѓу Република Македонија и Република Србија, помеѓу населените места с. Лојане и с. Миратовце (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи повторно по дипломатски пат да се обрати до Министерството за надворешни работи на Република Србија и да побара одговор дали се создадени неопходните услови за отворање на граничниот премин за локален сообраќај „Лојане – Миратовце“.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи за добиениот одговор од страна на Министерството за надворешни работи на Република Србија, во рок од три дена да го извести Министерството за внатрешни работи.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за моделот и законската рамка за воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на вработените во Министерството за внатрешни работи со полициски овластувања и затворската полиција и ја усвои со следниве најнови заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за правда да го координира процесот на анализа и изготвување на измените на законите наведени во законската рамка во оваа информација (Законот за јавно обвинителство, Законот за судовите, Законот за јавно обвинителска служба, Законот за платите на јавните обвинители, Законот за Советот на јавни обвинители, Законот за Народниот правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција), во насока на воспоставување на надворешен механизам за контрола на работата на вработените во Министерството за внатрешни работи со полициски овластувања и затворската полиција.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Министерството за правда кои се носители на законите чии измени се предлагаат, да ги подготват текстовите на предлог-законите и да ги достават до Владата, најдоцна до 15.12.2017 година.

**<u>Точка 41</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/905 на Советот од 29 мај 2017 година за спроведување на Одлука 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2017/905 на Советот од 29 мај 2017 година за спроведување на Одлука 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки против Демократска Република Конго, во предложениот текст.

**<u>Точка 42</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/734 на Советот од 25 април 2017 година за изменување на Одлука 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мијанмар/Бурма, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивните мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/734 на Советот од 25 април 2017 година за изменување на Одлука 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки против Мијанмар /Бурма, во предложениот текст.

**<u>Точка 43</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/917 на Советот од 29 мај 2017 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2017/917 на Советот од 29 мај 2017 година за изменување на Одлука 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на еден предмет пред Европскиот суд за човекови права Јосифовски против Република Македонија (А.бр.29911/15) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Македонија за пријателско решавање на предметот Јосифовски против Република Македонија (А.бр.29911/15).

2. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека државата на апликантот Перо Јосифовски во случајот Јосифовски против Република Македонија (А.бр. 29911/15), ќе му исплати износ од 3, 500 EUR (три илјади и петстотини евра), во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Македонија во случај апликантот во предметот пред Европскиот суд за човекови права, Јосифовски против Република Македонија (А.бр.29911/15), да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на предметот, пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 45**

Владата го донесе Упатството за начинот на постапување на министерствата, другите органи на државната управа и управните организации за време на изборниот процес, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи сите институции на кои се однесува Упатството, истото да го објават на својата огласна табла и официјалната веб-страница на институцијата.

**Точка 46**

Владата го донесе Упатството за забрана за користење на движни и недвижни ствари во државна сопственост за време на изборен процес, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи сите институции на кои се однесува Упатството, истото да го објават на својата огласна табла и официјалната веб-страница на институцијата.

**Точка 47**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог - одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – минерална води и гас $CO_2$ на локалитетот „Дабечко Поле“ с. Поешево, Општина Битола, на предлог на предлагачот.

**Точка 48**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – дијабаз на локалитетот „с. Удово”, Општина Валандово.

**Точка 49**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – гипс на локалитетот „Бошков Мост”, Општина Дебар, за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

**Точка 50**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина – мермер на локалитетот „Галабовец – Нови Присад”, Општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги Орто мермери ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје.

**Точка 51**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Бегојца“, с. Стенче, Општина Брвеница за наредната седница на Владата, на предлог на предлагачот.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на Општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Регулаторната комисија за домување за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Извештајот за работа на Регулаторната комисија за домување се доставува согласно член 110, став 3 од Законот за домување и согласно истиот буџетот на Регулаторната комисија за домување за 2017 година изнесувал 9.470.000 денари, а неговата реализација до 30 јуни 2017 година изнесува 4.788.685 денари.

Освен горенаведените средства, кои се обезбедени на сметката 630-Расходи на основен буџет, Регулаторната комисија за домување во 2017 година располага и со дополнителни средства во износ од 200.000 денари, обезбедени на сметката 631-Расходи на основен буџет.

Имајќи го предвид горенаведеното, потребно е доставениот Извештај за работата на Регулаторната комисија за домување да се дополни со овој податок.

Во иднина Регулаторната комисија за домување треба да доставува подетални информации колку е земена предвид соодветната и правичната застапеност при давањето на лиценци и други дејности, бидејќи во прилог на Извештајот нема конкретни информации за правичната застапеност, туку само број на издадени, одземени и вратени лиценци.

Исто така, Регулаторната комисија за домување да ги има предвид забелешките од мислењата на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, по Стратегијата за домување.

Владата на Република Македонија начелно нема забелешки по доставениот Извештај, но укажува дека е потребно истиот да се надополни со податоците кои се наведени како недостатоци погоре во мислењето.

**Точка 54**

Владата го разгледа Предлог - законот за издавање на вредносни бонови-ваучери, предложен од група пратеници, во Собранието на Република Македонија и притоа го утврди следново мислење:

Со предлог - законот се уредува постапката за издавање и искористување на вредносните бонови-ваучери кои се користат за набавка на компјутер, за потребите на редовните студенти државјани на Република Македонија запишани за прв пат во трета и четврта година на прв циклус на студии во учебната 2017/2018 година на високообразовните установи во Република Македонија и студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби запишани во било која година на студии на високообразовни установи во Република Македонија, доколку нивните семејства не го надминуваат износот од 45.344 денари нето приход.

Притоа, издадените вредносни бонови ваучери можат да се користат за купување на компјутер до 31.12.2017 година, а исплатата на средствата за искористените вредносни бонови ваучери ќе се врши од буџетската сметка на Министерството за информатичко општество и администрација за буџетската 2018 година.

Со предложениот закон, предвидено е Министерството за информатичко општество и администрација, согласно Законот за јавните набавки да обезбеди вредносни бонови-ваучери и веб-апликација за евиденција и идентификација на корисникот на вредносниот бон-ваучер.

Од анализата на целиот Предлог - закон за издавање на вредносни бонови-ваучери и одредбите кои се претходно наведени, може да се заклучи дека е неприфатлив и дискриминирачки од причина што со истиот е предвидено да се доделат вредносни бонови ваучери само на една целна група на студенти (трета и четврта година на прв циклус на студии), притоа изоставајќи ги студентите запишани во прва и втора година на прв циклус на студии на високообразовните установи во Република.

Со предложениот текст предвидени се низа активности кои треба да ги преземе Министерството за информатичко општество и администрација, меѓу кои и обезбедување на печатење на вредносни бонови-ваучери и веб - апликација за евиденција и идентификација на корисникот на вредносниот бон-ваучер, согласно Законот за јавните набавки. За реализација на оваа активност треба да се имаат предвид одредбите од Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик кои имаат ограничувачки карактер во поглед на располагањето со буџетските средства на Република Македонија, во периодот од донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје. Во поткрепа на овој навод, писмено произнесување има дадено и Државната комисија за спречување на корупцијата, според кое од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, а согласно одредбите од Изборниот законик, постои законска пречка да се спроведуваат јавни набавки кои не биле предвидени во Годишниот план за јавни набавки, согласно Законот за јавните набавки.

Врз основа на претходно изнесеното, Владата на Република Македонија смета дека предложениот Предлог - закон на издавање на вредносни бонови ваучери во најмала рака има дискриминаторско дејство спрема студентите од другите студиски години и истиот е неприфатлив од причина што за негова реализација потребно е да се изврши промена на Годишниот план за јавните набавки на Министерството за информатичко општество и администрација и располагање со буџетските средства за кои претходно не е обезбедена наменска ставка, со што се повредуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 50-а став 2 од Законот за вршење на земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2002, 89/2008, 116/2010, 53/2011 и 39/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Во наводите на Иницијативата се оспорува членот 50-а став 2 од Законот за вршење на земјоделска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/2002, 89/2008, 116/2010, 53/2011 и 39/2016), од аспект дека не е усогласен со одредбата од член 155 од Законот за прекршоците и дека не е определена некоја од постапките за порамнување пропишани со членот 48 став 1 од Законот за прекршоците, односно дали ќе се спроведе постапка за порамнување во мандатна постапка со издавање на мандатен платен налог или ќе се спроведе постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог така што оспорената одредба не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Според член 50-а од Законот за вршење на земјоделска дејност, пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци предвидени во овој закон, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.

Според член 47 став 1 од Законот за прекршоците, целта на забрзаните постапки, односно постапките за порамнување и спогодување е постигнување на согласност на сторителот на прекршокот и надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци и поради тоа избегнување на водење на прекршочна постапка пред надлежен суд, односно прекршочен орган, а според став 2 од истиот член е предвидена обврска надлежните државни органи овластени за поведување на прекршочна постапка да му предложат на сторителот на прекршокот една од забрзаните постапки пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка, ако тоа е определено со закон, односно според ставот 3 од истиот член е предвидено дека прекршочниот орган по службена должност да внимава дали е спроведена една од забрзаните постапки. Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член судот, односно прекршочниот орган ќе го врати барањето на органот за да спроведе една од забрзаните постапки.

Според член 51 став 1 ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако службеното лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, службеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог. Според став 2 од истиот член прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот ако се работи за странец и број на патна исправа, држава, а за правно лице назив седиште и даночен број, место и време на сторување на прекршокот, правна квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметка за плаќање и правна поука, а може и други податоци во согласност со закон. Според став 3 од истиот член ако глобата со закон не е пропишана во точно одреден износ службеното лице изрекува глоба во минимален износ за прекршокот пропишан со закон. Според ставот 4 од истиот член по приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставовите 2 и 3 на овој член во рок од 8 дена од

денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во налогот. Според ставот 5 сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 4 ќе плати половина од изречената глоба за што правно се поучува во правната поука. Според ставот 6 од истиот член постапката која ќе заврши со плаќање на платниот налог не се плаќаат трошоци на постапката. Доколку сторителот кој што со заминување заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето е должен веднаш да ја плати глобата изречена во прекршочниот платен налог. Ако сторителот не ја плати глобата во рок утврден со овој член службеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд, односно прекршочен орган. Службеното лице може да ги одземе, патната исправа или личната карта за странец и возачката дозвола, додека не биде доставен доказ за платената глоба.

Целта на одредувањето на глобата на самото место со издавање на мандатен платен налог е да се одбегне водење на постапка во која се утврдува фактичка состојба и се изведуваат и ценат докази по однос на сторениот прекршок, а сепак да се оствари генерално со специјалната превенција на законот.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија една од темелните вредности е владеење на правото, а според член 51 став 1 законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и закон.

Во членот 50-а став 2 од Законот за вршење на земјоделска дејност е упатено дека постапката за порамнување ќе се врши согласно Законот за прекршоци.

Смислата на постоењето на забрзаните постапки е согласно законското битие на делото на прекршокот според тежината на делото доколку отсуството на штетните последици за оние кои спаѓаат во категоријата на противправни дејствија за кои фактичката состојба не може брзо и лесно да се констатира и да се утврди на лице место и со тоа да се утврди глоба на самото место, додека од друга страна треба да се има предвид и објектот на заштита што се постигнува со мандатен платен налог, а тоа е заштита на управната дисциплина на јавниот ред и општествената дисциплина.

Ова значи објективна одговорност која се утврдува со записник од надлежен орган и фактичка состојба која се поткрепува со потпишување на записник со кој сторителот дефинитивно го признава делото.

Имајќи го предвид претходно наведеното одредбата од членот 50-а став 2 од Законот за вршење на земјоделска дејност е во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија поради што, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## **Точка 56**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување постапка за оценување на уставноста на делот: ,,министерот за трговија“ од членовите: 6 став 2, 7 став 2, 9 став 2, 10 став 1, 11 став 1, 12 став 5, 13 став 2, 14 ставовите 2 и 3, 16 став 1, 18 ставовите 1 и 2 и 25 став 2, делот ,,Министерството за трговија“ од членовите 8 став 3, 11 став 2, 12 став 7 и 17, делот ,,Законот за стандардизација“ од член 12 став 3 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/1998 и 13/1999) и притоа го утврди следново мислење:

Во наводите на Иницијативата се оспоруваат членовите во делот „министерот за трговија“ од член 6 став 2, член 7 став 2, член 9 став 2, член 10 став 2, член 11 став 1, член 12 став 5, член 13 став 2, член 14 став 2 и 3, член 16 став 1, член 18 став 1 и 2 и член 25 став 2 делот ,,Министерството за трговија“, од член 8 став 3, член 11 став 2, член 12 став 7 и член 17 делот ,,Законот за стандардизација“, од член 12 став 3 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/1998 и 13/1999), во насока дека термините „министерот за трговија“ и „Министерството за трговија“ не се во правен промет и истите се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Македонија како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија е владеење на правото, а според член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со законот.

Во членот 62 алинеја 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), со денот на влегувањето во сила на овој закон Министерството за стопанство и Министерството за трговија се обединуваат во Министерство за економија и продолжуваат со работа како Министерство за економија со надлежности утврдени со овој закон.

Оспорените законски одредби не се спротивни на член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, бидејќи со истите законодавецот нема иницијатива да ги злоупотреби и ограничи правата кои произлегуваат од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет, туку во конкретниот случај се работи за терминолошка неусогласеност на називот Министерството за трговија кое de facto и de jure е Министерството за економија, кое би се надминало со соодветно изменување на Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешно-трговскиот промет.

Од содржината на оспорените одредби се укажува дека истите претставуваат правна целина, така што не се нарушува целта и содржината на прашањата кои се предмет на уредување со Законот, така што оспорените одредби се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата од Никола Источки, адвокат од Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Македонија, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 4, став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/2014 и 53/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Наводите изнесени во Иницијативата за оценување на уставноста на член 4, став (3) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка се неосновани.

Со членот 4, став 3 од Законот за основање на Државна комисија за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, кој е предмет на оваа иницијатива е пропишано дека „предлог за разрешување на претседателот и членот на Државната комисија може да поднесе и Владата на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата се повикува на членот 8, став 1, алинеи 3 и 4, член 68, став 1, алинеја 16 и член 51 од Уставот на Република Македонија.

Членот 8, алинеја 3 и алинеја 4 од Уставот на Република Македонија како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија ги утврдуваат владеењето на правото и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.

Член 51 од Уставот пропишува дека во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот на Република Македонија, а сите други прописи со Уставот и со законите.

Секој е должен да го почитува Уставот и законите.

Во членот 68, став 1 од Уставот се утврдени надлежностите на Собранието на Република Македонија, при што покрај другите надлежности, со алинејата 15 е пропишано дека врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и со закон.

При тоа подносителот на Иницијативата во образложението на истата презема дел од образложението на причините поради кои е основана комисијата, а кои се наведени во Предлог - законот за основање на Државната комисија.

Од анализата на оспорената законска одредба, како и од анализата на целокупниот систем на одлучување во управна постапка во втор степен може да се види дека членот 4, став (3) од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка воопшто не е во спротивност на принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, ниту пак со истиот на било кој начин се навлегува во надлежностите на Собранието на Република Македонија, па оттука истиот воопшто не е во спротивност ниту со начелото на поделба на власта, ниту со начелото на уставност и законитост.

Имено, согласно со членот 1, став 1 од Законот е пропишано дека Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка (во натамошниот текст: Државната комисија) е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка како и по жалби против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, кога со закон е пропишано да одлучуваат во прекршочна постапка.

Во постапката за решавање по жалби Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за инспекциски надзор и Законот за прекршоците доколку со овој или друг закон поинаку не е уредено.

Од оваа законска одредба може да се заклучи дека надлежностите на Државната комисија се однесуваат пред се на одлучување во управна постапка, а Комисијата постапува согласно Законот за општата управна постапка.

Со членот 1 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/150) е пропишано дека со овој закон се уредува постапката за

остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи.

Од ова може да се види дека со овој закон се уредува постапувањето на извршната власт, а не на законодавната или судската власт.

При тоа, согласно членот 88 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија е носител на извршната власт.

Во членот 95 од Уставот пак е пропишано дека државната управа ја сочинуваат министерства и други органи на управата и организации утврдени со закон.

Се забранува политичко организирање и дејствување во органите на државната управа.

Организацијата и работата на органите на државната управа се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно со член 12 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014, 33/2015, 193/2015 и 53/2016) и член 73 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/150) е јасно утврдено дека и инспекциската и прекршочната постапка водена од органи на државна управа е посебен вид на управна постапка.

Со оглед на фактот што се работи за постапки кои се надлежност и одговорност на извршната, а не на законодавната власт, сосема разбирлива е законската одредба со која и се дава можност на Владата на Република Македонија да може да достави предлог за разрешување на претседател или член на Државната комисија, доколку е исполнет некој од условите утврдени во законот за разрешување пред истекот на мандатот, а кои се утврдени во ставот (2) од истиот член.

Имајќи го во предвид наведеното Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4, став 3 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка е неоснована.

Поради ова, Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати предметната иницијатива.

## Точка 58

Владата ја разгледа Понудата за купопродажба на дел од недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр.93356 за КО Чаир, доставена од нотар Џеват Бучи од Скопје и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 59

**1.** Владата ја именува Јагода Санева за вршител на должноста член на Управниот одбор - претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом - „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“ – Свети Николе.

**2.** Владата за вршител на должноста претседател и вршители на должноста членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, ги именува:

а) за В.Д. претседател:
- м-р Нина Даскалова - Старделова

б) за В.Д. членови:
-проф. д-р Јадранка Дабовиќ - Анастасовска,
-проф. д-р Ненад Гавриловиќ,
-Снежана Калеска - Ванчева и
-Лидија Голубова.

**Точка 60**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 5.9.2017 до 11.9.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** По повод договорите за уредување на односите помеѓу Друштвото и член на Управен одбор на АД МЕПСО и договорите за уредувањето на односите и обврските на директорот на институцијата со органите на управување на институцијата (склучувањето на менаџерските договори) во АД за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Договорите за уредување на односите помеѓу Друштвото и член на Управен одбор на АД МЕПСО и договорите за уредувањето на односите и обврските на директорот на институцијата со органите на управување на институцијата (склучувањето на менаџерските договори) во АД за поштенски сообраќај Македонска пошта во државна сопственост – Скопје да се разгледаат на наредната седница на Владата, откако истите претходно ќе се разгледаат на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика и по нив Комисијата ќе има став.

2) Во иднина сите договори кои се однесуваат на уредување на односите и обврските на директорот на институцијата, со органите на управување на институцијата (склучување на менаџерски договор за директорот, членовите на управните и надзорните одбори, посебно во делот на финансиските надоместоци), претходно да се разгледуваат на седница на Комисија за економски систем и тековна економска политика и откако по нив Комисијата ќе има став, да се разгледуваат на седница на Владата.

**3.** По повод укажувањето на д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, за потребата од изнаоѓање на решение, односно можност за добивање на согласност од Министерството за финансии за вработување на 30 кадети кои успешно ја завршиле обуката за полицајци и имаат добиено уверенија за истата, Владата заклучи Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи да остварат работна средба, да заземат став по ова прашање и на наредна седница да ја информираат Владата за истото.

**4.** По повод укажувањето на д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, а во врска со подготовката на Проектот за субвенционирање на исхрана на студентите со

мобилни апликации преку Дојче Телеком, Владата заклучи Министерството за образование и наука, Министерствата за труд и социјална политика и Министерството за финансии да определат лица со цел поефикасна координација на активностите во врска со овој проект и соодветно информирање на надлежните министри.

**Точка 61**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за состанокот на заменици-министри за економија /трговија на ЦЕФТА.

**Точка 62**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со постапката за продолжување на периодот на важност на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Чардаковец" Општина Ѓорче Петров и Општина Чучер Сандево, на Друштвото за градежништво, транспорт и трговија Трансмет ДОО Скопје, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Општина Радовиш", како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Струмица" (статус: јуни 2017), како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата со анализа за причините и можните причинители на високо ниво на загадување на воздухот во Република Македонија во летниот период, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, да подготви и до Владата да достави информација со предлози за справување со високото ниво на загадување на воздухот во Република Македонија, во текот на летниот период и во текот на целата година.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Изработка на потребните документи за воспоставување на интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во Скопскиот, Југозападниот, Вардарскиот и Пелагонискиот Регион", како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за јули 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата со Акциски план во врска со реализација на проектот „Техничка помош за реформа на јавните комунални претпријатија за управување со водоснабдување, собирање и третман на отпадните води во Скопје, Тетово, Гостивар, Битола, Кавадарци, Струмица, Дебар, Радовиш, Кичево, Берово и Куманово“, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за помош, изградба и обнова на цркви и манастири храм „Свети Архангел Михаил“ – Куманово, за наредната седница на Владата, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да се усогласат по текстот на Предлог - одлуката.

**Точка 71**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Здружението за рурален развој на село Туденце - Општина Јегуновце, за наредната седница на Владата, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии и Секретаријатот за законодавство, да го усогласат текстот на Предлог - одлуката.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид заради склучување на анекс кон Договорот за изградба на патна делница Миладиновци – Штип, Анекс кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Свети Николе - Штип заведен со бр.08-9013/1 од 12.11.2013 година (нов текст), со Предлог – закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за потребата од донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево - Охрид заради склучување на анекс кон Договорот за изградба на патна делница Миладиновци – Штип, Анекс кон Договорот за изградба на автопат, делница Миладиновци - Свети Николе - Штип заведен со бр.08-9013/1 од 12.11.2013 година (нов текст).

2. Го разгледа Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид и го утврди како Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, по итна постапка, со заклучок истиот номотехнички да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Пречистениот текст на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци - Штип и патна делница Кичево – Охрид, по итна постапка, согласно член 167 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереник Лилјана Поповиќ, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

4. Се овластуваат д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Зоран Китанов, В.Д. директор на Јавното претпријатие за државни патишта да го потпишат Анексот број 1 кон Договорот за изградба на патна делница Миладиновци - Штип заради продолжување на рокот за изградба помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и (Синохидро корпорејшн лимитед) Sinohydro Corporation Limited по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци – Штип и патна делница Кичево - Охрид („Службен весник на Република Македонија“ број 149/13) и објавување на истиот во „Службен весник на Република Македонија“.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата во АД Електрани на Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува АД ЕЛЕМ - Скопје да продолжи со активностите за подигнување на продуктивноста на компанијата.

2. Се задолжува АД ЕЛЕМ – Скопје, во иднина поединечно да ја известува Владата за конкретни проекти и можните решенија за проблемите кои би се појавиле при работењето на АД ЕЛЕМ – Скопје.

3. Се задолжува АД ЕЛЕМ – Скопје да изврши ревизии и вештачења на целокупните тендерски постапки и реализацијата и следењето на договорите за ископ на јаглен и јаловина во претходниот период.

4. Се задолжува АД ЕЛЕМ – Скопје да изврши ревизии и вештачења на постапките за ангажирање на надворешната механизација за ископ на јаглен и јаловина во РЕК Битола и РЕК Осломеј.

5. Се задолжува Министерството за економија, при изготвувањето на новиот Закон за енергетика, да ги има предвид насоките дадени од АД ЕЛЕМ – Скопје, во врска со одржувањето на ладна резерва за ТЕЦ Неготино.

6. Се задолжува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за измена на Законот за јавните набавки, во насока на поедноставување на процедурите (задржувајќи ги критериумите на конкурентност и недискриминација) и превнција на можните злоупотреби во правец на евентуално блокирање на постапките и спречување на нормалното функционирање на компаниите (меѓу кои и на АД ЕЛЕМ – Скопје).

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува АД ЕЛЕМ – Скопје, во соработка со Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, веднаш да пристапи кон информирање на јавноста за повеќе аспекти на работењето на АД ЕЛЕМ - Скопје.

Воедно, се задолжува Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски, да организира прес-конференции за информирање на јавноста за состојбата и во други претпријатија во државна сопственост (јавни претпријатија, акционерски друштва и други).

2. Се задолжува АД ЕЛЕМ – Скопје, да подготви и до Владата да достави посебна информација во врска со започнатите проекти кои не се поврзани со основната дејност на претпријатието, со цел Владата да даде мислење за идните активности во врска со ова прашање.

Воедно, во информацијата да биде вградено и образложение за примената на одредбите од Законот за заштита на животната средина, од еколошки аспект.

**Точка 74**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од брзо преземање на мерки за деблокирање на трансакциските сметки на граѓаните за неплатени комунални услуги, поради потребата да се обезбедат мислења од Министерството за финансии, Министерството за правда и Секретаријатот за законодавство и истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за надминување на состојбата во Друштвото Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (Колска Велес), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска-Јанковска**